**Година 2003, септември , број 20**

# ***Ф А К У Л Т Е Т С К И***

# ***И Н Ф О Р М А Т О Р***

---

## 2003/2004

На прагот сме на новиот предизвик - новата учебна година. Старите и новите проблеми треба да ги решаваме со акумулираните искуства и новите идеи и иницијативи.

Режимот на интерактивна едукација и континуирана проверка на знаењата е неопходно да го имплементираме поцеловито и поквалитетно.

Мерката за успех ќе бидат само резултатите.

## СВЕЧЕН ПРВ ЧАС СО НОВИТЕ СТУДЕНТИ

Првиот свечен час со новите студенти ќе се одржи на ден 1.10.2003 (среда) со почеток во 10.00 часот во амфитеатарот.

**Се поканувaат сите наставници, соработници и вработени да присуствуваат на истиот.**

## УПИС

На МФС во прва година во учебната година 2003/2004 се запишаа 184 студенти. Распоредот по насоки е следен: ПМ - 27; МВ - 35; ММ - 6; ЗЗК - 11; ЖМ - 2; ТТиТЕ - 27; ХПА - 22; ЕМИЕ - 19; ИИМ - 35.

## СЕМИНАРИ

Во период од 15 до 18.09.2003 год. на МФС се одржаа три семинари на тема: "АДР - превоз на опасни материи" и "Техничко испитување на возила наменети за превоз на опасни материи". Семинарите ги организира МФС во соработка со ТУФ VERKEHER UND FAHRZEUG и истите ги посетија околу 70 слушатели од министерствата и фирми од Македонија како и стручни лица од МФС и ЕТФ.

## ПРОМОЦИЈА НА ТРКАЧКИОТ АВТОМОБИЛ, ДИЗАЈНИРАНИОТ АВТОМОБИЛ И СТУДЕНТСКИОТ ТИМ

На ден 29.08.2003 (петок) во 12 цасот во салата за конференции на МФС пред вработените, преставниците на медиумите и други гости се одржи промоција на вонnаставните студентски активности:

- Презентација на тркачкиот автомобил ЈУГО и Авто Мото Клуб "Студентски автоспорт"
- Презентација на модел на автомобил дизајниран од студентот на МФС Горан Игор Бундалески кој влезе во финалето на мегјународниот натпревар во дизајн на автомобили
- Промоција на студентскиот тим, победници на меѓународниот натпревар ТИМЕС во Будимпешта.



Потоа следеше презентација на автомобилот во холот на факултетот и пригоден коктел во бифето.

## ИНФОРМАЦИЈА ЗА ТЕЛЕФОНИТЕ

Техничките проблеми кои се јавија со телефонската централа во текот на летото успешно се отстранети.

Воедно Ве потсетуваме редовно да ја следите состојбата со лимитот при користење на излез кон мобилната и национална телефонија. Подетални информации кај продеканот за финансии.

## ДОКТОРСКИ ДИСЕРТАЦИИ

1. На 14.07.2003 година, м-р ***Ѓорѓи Аџиев***, асистент на Машинскиот Факултет, ја одбрани својата докторската дисертација под наслов: *"Влијание на мис- матцхинг на интегритетот на заварена косntрукција со прснатина"*
2. На 11.07.2003 година, м-р ***Ѓорѓе Качурков***, дипл. маш.инж. ја одбрани својата докторската дисертација под наслов: "*Оптимирање на суви кули за индиректно ладење на циркулационата вода во термоелектраните*"

***Искрени честитки и желби за понатамошно напредување во кариерата***

## О Т С У С Т В А

1. М-р Виктор Гаврилоски, асистент на Факултетот, реализира студиски престој на Техничкиот универзитет во Илменау, Германија. Престојот се реализира во период од 1.07. до 22.08.2003 година
2. Вон. проф. д-р Јован Гочев оствари службено патување во Кина заради прием на опрема наменета за ХЕЦ "Козјак". Престојот се реализира во период од 15.07. до 25.07.2003 година

3. Асс. м-р Филип Мојсовски реализира студиски престој на Машинскиот Факултет во Љубљана, Р.Словенија. Престојот се реализира во период од 1.08. до 7.08.2003 година

4. Асс. д-р Никола Тунески реализира службен пат во Клуж, Романиа, заради учество на меѓународен Воркшоп. Престојот е реализиран од 31.08 до 13.09.2003 година

5. Проф. д-р Александар Мојсовски, во организација на фирмата ГСМ Инвест, оствари службено патување во Германија. Престојот се реализира во период од 4.09. до 20.09.2003 година

6. Вон. проф. д-р Зоран Пандилов релизира експериментални испитувања на научната тема на Институтот за металорезачки машини на Универзитетот во Штутгарт, Германија. Престојот се реализира од 1 до 30.09.2003 година.

7. Проф. д-р Томислав Златановски и асс. м-р Ана Лазаревска реализираа службено патување во Благоевград, Р. Бугарија заради учество на IV-от Воркшоп на IP SCOPES проектот. Патувањето се реализира од 6 до 8.09.2003 година.

8. Вон. проф. д-р Добре Рунчев реализира службено патување во Белград, Србија и Црна Гора, заради учество на маѓународна конференција Заварување 2003. Патувањето се реализира на 18 и 19.09.2003 година.

9. Проф. д-р Константин Димитров реализира слузбено патување во Словенија и Германија заради учество на семинар. Патувањето се реализира од 16 до 24.09.2003 година.

10. Асс. д-р Ѓорѓи Аџиев реализира службено патување во Германија заради продолжување на активностите на Темпус проектот. Патувањето се реализира од 22.09 до 15.10.2003 година.

11. Асс. м-р Зоран Марков оствари службено патување во Германија, заради учество на Конференцијата на Пактот за стабилност. Патувањето се реализира од 26.09 до 28.09.2003 година.

12. Вон. проф. д-р Кочо Анѓушев реализира службено патување во Софија, Бугарија заради продолжување на актовностите на проект во рамки на соработката на ЦИРКО со ГТЗ. Патувањето се реализира на 17 и 18. 09.2003 година.

13. Проф. Д-р Иван Мицковски, Проф д-р Милан Ќосевски, Доц д-р Даме Коруновски и пом. Асс. Христијан Мицковски поради реализација на меѓународен проект престојуваа во Варна - Бугарија во период од 31.08 до 02.09 2003

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**01.10.2002**
**СВЕЧЕН ПРВ ЧАС СО НОВИТЕ СТУДЕНТИ**

**02. 10. 2003**
**32 СЕДНИЦА НА ННС**

**30. 10. 2003**
**33 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ**
**ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

***ИНФОРМАТОРОТ ИЗЛЕГУВА СЕКОЈ ПОСЛЕДЕН ЧЕТВРТОК ВО МЕСЕЦОТ И ПО ПОТРЕБА.***

**Техничко уредување:**

*Тони Манџуковски*
*Борис Рошков*